МЦМС

# ДОБРОТО УПРАВУВАЊЕ ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОГРАМИ

## ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020



**Издавач**

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот**

Александар Кржаловски, прв извршен директор

Гонце Јаковлеска, извршен директор

**Автор:** Наташа Димова

**Соработници:** Блинера Реџепи, Билјана Велјановска

**Контакт:**

ул. Никола Парапунов, 41а пошта фах 55, 1000 Скопје

http://mcms.mk

http://facebook.mk/mcms.mk

http://twitter.com/mcms_mk

Скопје, јули 2020 година

Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение. Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот. Во електронска форма публикацијата е достапна на http://www.mcms.mk

# Содржина

Листа на кратенки ........ 2
Вовед ........ 3
Општо за изборните програми за мандатот 2020-2024 ........ 4
Како и колку се спомнува доброто управување ........ 5
Понуда и предлози за добро управување/владеење на правото ........ 5
Правосудство ........ 5
Борба против корупцијата ........ 9
Ефикасна државна и јавна администрација ........ 11
Заклучоци ........ 16

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| Алијанса и Алтернатива | Коалиција на Алијанса за Албанците и Алтернатива |
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО и Коалиција Обнова | Коалиција „Обнова за Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СДСМ и Коалиција Можеме | Коалиција „Можеме“ предводена од СДСМ |

## Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во март 2020 г. започна повеќе активности за вонредните парламентарни избори во рамките на проектот Мојот избор. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2020г. од аспект на предлози и решенија за добро управување. Во анализата се вклучени програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Еден од најголемите предизвици на македонското општество е примената на практиките на доброто управување засновани на владеењето на правото и демократијата, учеството, независноста на институциите, пред сè на судството, ефикасноста и ефективноста на сите нивоа и подрачја, особено на државната администрација, како и транспарентноста и отчетноста кои се одговор на борбата против корупцијата.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

## Општо за изборните програми за мандатот 2020-2024

На предвремените парламентарни избори во 2020 година ќе се натпреваруваат 15 политички партии/коалиции кои имаат доставено избирачки листи во Државната изборна комисија. Од овие 15 политички партии 9 имаат подготвено изборна програма и во најголем дел програмите се јавно достапни за јавноста на веб страните на партите. (Види во: Табела 1 и Прилог 1), а се пишувани на македонски, албански и за прв пат една програма е достапна и на знаковен јазик.

**Табела 1. Преглед на избирачки партии претенденти за парламентарен мандат 2020-2024 кои објавиле/доставиле програма (по редослед на избирачко ливче)**

| Политичка партија/коалиција | Програма достапна на Веб страна | Јазик на кој се напишани | Број на страни |
|---|---|---|---|
| **Демократска партија на Албанците (ДПА)** | Да | Албански | 68 |
| **СДСМ и коалиција Можеме** | Да | Македонски, достапна и на знаковен јазик | 266 |
| **Левица** | Да | Македонски | 31 |
| **Алијанса на Албанците и Алтернатива** | Не | Албански | 73 |
| **Глас за Македонија** | Да | Македонски | 237 |
| **Интегра** | Да | Македонски | 94 |
| **Демократска унија за интеграција – (ДУИ)** | Да | Албански | 184 |
| **Единствена Македонија** | Не | Македонски | 4 |
| **ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Обнова на Македонија** | Да | Македонски | 339 |

Политичките партии: Политичка партија демократи, Граѓанско демократска унија, Твоја партија на своите веб страни имаат објавено само текстови без линкови за пдф или слични фајлови со можност за симнување кои дел се политички програми и дел приоритети и поради нејасности не се земени во предвид. Веб сајтот на политичката партија Социјалдемократска унија е компромитиран и е небезбедно да се отвори. Политичките партии: МОРО работничка и Народна партија на Ромите немаат веб каде може да се пребара нивната програма.

## Како и колку се спомнува доброто управување

Доброто управување анализирано преку заложбите на политичките партии за независно судство, ефикасна државна и јавна администрација и борба против корупцијата, се спомнува во сите понудени/ достапни програми. Прашањата поврзани со доброто управување, најчесто се спомнуваат во програмите на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата Обнова (на 25 страници), СДСМ и коалицијата Можеме (на 21 страници), ДУИ (на 20 страници), Алијанса и Алтернатива (на 7 страници), Левица (на 5 страници) итн. Во сите програми посветено е барем едно поглавје на некоја од темите: правосудство, корупција или јавна администрација. Најголем дел од програмите содржат и конкретни мерки и предлози за подобрување на доброто управување.

## Понуда и предлози за добро управување/владеење на правото

Иако во програмите на политичките партии се користат повеќе термини коишто упатуваат на доброто управување односно владеењето на правото, забележано е дека истите најчесто се поврзуваат со независното судство, борбата против корупцијата и ефикасната јавна администрација.

### Правосудство

Прашањата на независно и реформирано правосудство коешто постојано ќе се надградува со знаење и професионалност, заземаат значајно место во програмите на политичките партии. Во сите анализирани програми предвидени се мерки за подобрување. Најголемо внимание партиите посветуваат на прочистување/ ветинг на судството, воведување на ефикасен електронски систем,, реформа во Академијата за судии и обвинители итн.

**Табела 2 Предлози во изборните програми за правосудството**

| Партија | Мерки |
|---|---|
| **СДСМ и коалицијата Можеме** | **стр.10:** Следува прочистување во правосудството! Судиите кои застаруваат предмети ќе бидат разрешени по автоматизам; Започнува детална проверка на имотната состојба на сите судии и обвинители.; Темелна ревизија на 5% од сите судски пресуди во последните 5 години, по случаен избор.<br>**стр.185:** Само чесен судија е добар судија. Ефикасно и објективно „прочистување“ на судиите и обвинителите!<br>Ќе обезбедиме ЕУ мониторинг на судските предмети на висока корупција. Сметаме дека овој чекор ќе ја зголеми одговорноста на обвинителите и судиите, ќе ја зајакне борбата против корупција, но и ќе ја зголеми довербата на граѓаните во својата држава и нејзините институции.<br>**стр.186:** Отвореноста како сојузник на правдата - Ќе воведеме законска обврска за објавување и јавен пристап до аудио снимките од сите судења за висока корупција и организиран криминал. Поголема транспарентност на Јавното обвинителство Ќе предложиме законски обврски со кои ЈО ќе мора редовно и континуирано да ја информира јавноста за својата работа и напредокот во предмети кои ги следат граѓаните.<br>Поддршка за посилна судска и јавно-обвинителска служба Ќе обезбедиме финансиска поддршка за обезбедување стручни соработници за секој судија и јавен обвинител и ефикасна и ефективна судска и јавнообвинителска администрација.<br>Ќе ја намалиме судската такса за да ја направиме правдата достапна за граѓаните |

| | |
|---|---|
| | Вистински АКМИС за ефикасно, а не политички диригирано судство АКМИС системот мора да биде централизиран, а судовите да бидат поврзани вертикално и хоризонтално.<br>Ќе донесеме Закон за управување со движењето на предметите во ЈО - Така, со своевидниот АКМИС во јавните обвинителства, ќе биде јасно каде завршува секоја кривична пријава, што било преземено, кој бил одговорен по конкретни предмети и сл. **стр.187**: Стоп за злоупотребите на системот на судии-поротници- Ќе воведеме нов модел со кој ќе се спречат злоупотребите преку промена на начинот на избор, одредби за конфликт на интереси, зајакнување на одговорноста на поротниците и посебни процедури за гласање при донесување на одлуки.<br>Ќе ги затвориме сите „дупки“ - Ревизија на законите низ призмата на досегашните злоупотреби: возраста на поротникот да е критериум само при избор, а не во тек на мандатот; мандатот да не се прекинува додека трае судење; казни за судии кои 6 месеци немале рочиште.<br>Дополнително, ќе ги вградиме во законите и препораките од Извештајот на ОБСЕ за следење на предметите на поранешното СЈО. Во него се дефинирани неколку конкретни препораки со кои може да се спречи одоговлекувањето на судските предмети и да се обезбеди правичност.<br>**стр.188:** Ќе ги зголемиме средствата за судската власт врзани со јасни индикатори утврдени од страна на судската власт.<br>Ќе го донесеме Законот за Академија за судии и јавни обвинители со кој ќе се ревидира начинот на селекција и полагање на приемниот и завршниот испит пред стручна комисија, врз основа на мерливи и објективни, повисоки критериуми за проценка на знаењето на кандидатите. |
| **Левица** | **стр.7:** Реформа на уставното судство, преку воведување на институтот уставна тужба за правата заштитени со Европската конвенција за човекови права.<br>Воведување специјализирани судови (кривични, прекршочни, имотни, работни, трговски и др.).<br>Укинување на т.н. прекршочни управни органи, кои делуваат како квазисудски органи, и целосно префрлање на прекршочната постапка на специјализирани прекршочни судови<br>Укинување на второстепените државни комисии и пренесување на нивните надлежности на Управниот суд, кој треба да биде кадровски доекипиран и зајакнат – со цел носење на мериторни одлуки (наместо враќање на предметите на повторно одлучување), со што значително ќе се скратат управните постапки.<br>Воведување на граѓанска порота во кривичните судења, како лаички елемент во право раздавањето.<br>**стр 8:** Јуридизација на правото, преку задолжителна примена на т.н. прецедентно право (Case law), односно на судската пракса на Европскиот суд за човекови права (Стразбур).<br>Воведување на унифицирана Централна база на судски пресуди, од страна на Врховниот суд на РМ, со цел воедначување на судската пракса и создавање прегледно национално „прецедентно право“.<br>Воведување на најопремени и најсовремени правни библиотеки во судовите, со претплата до стручна литература од најеминентните бази на податоци и светски познати странски правни списанија и зборници.<br>Укинување на трајниот мандат на судиите и воведување ограничен мандат од девет години, без право на реизбор – освен во повисок суд.<br>Воведување построги услови за избор на судии и поголем стаж за нивен постепен и скалест напредок во кариерата во повисоките судови.<br>Тотална департизација и професионализација на правосудството, преку зајакнување на објективните критериуми за напредок во |

| | |
|---|---|
| | кариерата на судиите и обвинителите – со задолжителна и транспарентна споредба на квалитативните заслуги на кандидатите.<br>Заострување на критериумите за упис на Академијата за судии (висок просек од студии).<br>Воведување на строги превентивни антинепотистички мерки за заштита од фамилијарното влијание во правосудството и оневозможување блиски роднини да вршат различни улоги во рамки на едно исто апелационо подрачје (пр. татко судија, мајка обвинител, син адвокат, ќерка нотар, зет извршител и сл.)<br>Јавно објавување на професионална биографија, т.е. CV на сите судии и обвинители и воведување на задолжителни термини за консултации, увид во списи и прием на странки<br>Санкционирање на судиите поради кои Р. Македонија ќе изгуби спор пред Европскиот суд за човекови права.<br>Намалување на износот на судските такси и нивно прилагодување на примањата на процесните странки.<br>Укинување на авансирањето (плаќање однапред) на судските трошоци и трошоците за вештачење.<br>Законско фиксирање на парничните трошоци (судски, адвокатски, нотарски, извршителски и др.) на максимум 1/3 од главницата на спорот.<br>Укинување на приватните извршители и воведување на судии-извршители, со цел спречување на грабежот на граѓаните при постапката на присилно извршување.<br>Изедначување на докторатот по право со правосудниот испит, со цел воведување на стручна конкуренција при давањето квалитетна правна помош.<br>Поголем пристап до бесплатна правна помош, без непотребни бирократски процедури, за сите лица со ниски примања.<br>Процесуирање на незастарливите т.н. Хашки случаи од 2001 година (Мавровски работници, Водството на ОНА и др.), како најтешки кривични дела извршени против човечноста и меѓународното хуманитарно право.<br>Кривичен прогон против сите учесници во илегалната и шверцерска промена на уставното име Република Македонија (премиер, министер за надворешни работи, пратеници, обвинители, судии, новинари, активисти и др.).<br>Реформирање на Академијата за судии и јавни обвинители, во насока на нејзина поделба (Академија за судии и Академија за јавни обвинители).<br>Физичко/просторно одделување на канцелариите на Јавното обвинителство од просториите на основните судови низ целата Република.<br>Формирање на специјализирани Истражни центри, согласно новиот Закон за кривична постапка, со цел зајакнување на капацитетите на Обвинителството и негова кадровска независност од МВР.<br>Измени во Законот за заштита на сведоци и воведување на ново кривично дело „попречување на правдата“ за оние кои одбиваат или одбегнуваат соработка со овластените истражители.<br>Укинување на законските измени кои противуставно воведоа т.н. бадентерово мнозинство при изборот на Специјалниот јавен обвинител задолжен за борба против организираниот криминал и корупција.<br>**стр. 9:** Подобрување на Законот за заштита на укажувачите – т.н. „свиркачи“. |
| **Глас за Македонија** | **стр.35:** Кадровска реформа на правосудството<br>**стр.36:**Подигнување на статусот на судската и обвинителската професија и гарантирање на целосна независност<br>**стр.36:** Редефинирање на улогата на Судскиот совет и на Советот на јавни обвинители |

| | |
|---|---|
| | **стр.37:** Подигнување на критериумите за вработување на стручни судски јавнообвинителски соработници и лица во судската и јавнообвинителската служба/ администрација<br>Реорганизација на судството и јавното обвинителство<br>Ревидирање на улогата на Државното правобранителство во заштитата на имотните интереси на државата"<br>**стр.38:** Поефикасен пристап до правдата<br>**стр.39:** Подигнување на квалитетот на право раздавањето |
| **Интегра** | **стр.54:** Адвокатурата во уставот е дефинирана како јавна служба, и тоа многу погрешно... ќе предложи промена на Уставот, така што адвокатурата ќе биде дефинирана како дел од правосудниот систем |
| **ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата Обнова** | **стр.65**: стоп за корупцијата и непотизмот во правосудството<br>**стр.66:** Судии со интегритет наместо судии – партиски послушници<br>Квалитетно правничко образование, објективен правосуден испит и модерна академија за судии и јавни обвинители"<br>**стр.70:** ќе ги подигнеме критериумите за избор и унапредување на обвинителите, ќе внесе нов начин на евалуација на работата на обвинителите и критериумите за утврдување нивна одговорност. Ќе биде извршена специјализација на јавните обвинители согласно праксата во европските држави за случаите поврзани со корупција, кривични дела сторени од високи функционери, перење на пари и слично.<br>Современа јавнообвинителска администрација и јакнење на истражните центри"<br>Слобода за неправедно осудените во политички монтираните случаи<br>**стр.227**: Case management“ – електронско водење на случаи |
| **ДПА** | **стр.20:** Функционирање на независното судство и обезбедување правна стабилност за заштита на капиталот<br>**стр.54:** Независно правосудство од политиката |
| **Алијанса и Алтернатива** | **стр.16:** За време на своето владеење, коалицијата ќе спроведе голем број приоритетни мерки за изградба на независно, ефикасно и фер судство, како што се:<br>-Ветинг на судии и обвинители<br>-Реорганизација на основните и апелационите судови засновани на плански региони<br>-Реформа на улогата и постапката за именување на државен јавен обвинител<br>-Спроведување на избалансирана етничка правда<br>-Подобрување на информацискиот систем за автоматско управување со судски предмети<br>-Зголемување на транспарентноста на судовите<br>-Изменување и дополнување на Законот за нотаријат и на законот за извршители, да се зголеми конкуренцијата и да се либерализира пазарот со цел да се зголеми пристапот до правдата<br>-Брзо извршување на сите пресуди на ЕСЧП |
| **ДУИ** | **стр.75** Судство и професионална и ефикасна администрација<br>**стр.60** Неселективна правда и професионализам во судството и обвинителството: Имплементација на електронски систем; -Зајакнување на капацитетот на персоналот; -Алтернативно решавање спорови; Правилно спроведување на правната рамка; Меѓународна соработка"<br>**стр.58:** Транспарентност - Ќе се промовират практики за е-правда и објавување на судска статистика<br>Судските институции да ја разгледаат меѓународната поддршка за спорните случаи |

## Борба против корупцијата

Сите политички партии предвиделе мерки за справување со корупцијата. Кога се предлагаат мерки за борба против корупцијата, тие најчесто се поврзуваат со електронско следење на предметите, транспарентност во постапките, регулирање на потекло на имот и зајакнување на специјализираните институции за борба против корупција.

**Табела 3: Предлози /предвидени активности во изборните програми за борба против корупцијата**

| Партија | Мерка |
|---|---|
| **СДСМ и коалицијата Можеме** | **стр.11:** Електронско следење на предметите што произлегуваат од претставки за корупција.<br>**стр.153:** Промовираме добро владеење, борба против корупција, борба против местењето на натпревари и борба против допингот;"<br>**стр.181**: Инспекции за ред, а не за корупција Редот во државата не зависи само од полицијата и судството. Тој се огледа и во почитување на правилата на секој чекор: во дуќан и аптека, во комуналните работи и во бизнисот, во бучавата и чистотата."<br>**стр.182:** Delivery unit кај премиерот за „Јасни и недвосмислени закони" со цел да се прегледа легислативата и да се обезбедат јасни и недвосмислени законски решенија.<br>**стр.190:** Корупцијата е наш заеднички непријател Ќе поддржиме воведување на систем на електронско следење на предмети кои произлегуваат од претставки за корупција. Воедно, ќе воведеме награди за граѓаните чии пријави ќе резултираат со наоди и судска пресуди |
| **Левица** | **стр. 9:** Ревизија на приватизацијата, со цел отворање правна можност за казнување на ноторните случаи на криминална трансформација на поранешните општествени претпријатија, во периодот на транзицијата.<br>Закон за потекло на имот на сите носители на јавни функции, од осамостојувањето до денес (1991-2020)!<br>Проширена конфискација на нелегално стекнатиот имот на досегашните владејачки структури и олигарси.<br>Заострување на т.н. антимафијашко законодавство и жестока борба против финансиските шпекулации и перењето пари, кои овозможуваат одлевање на домашниот капитал во странство или негово „легализирање" преку сомнителни бизниси.<br>Незастарување на кривичните дела поврзани со т.н. економски криминалитет и корупција извршени од страна на јавните функционери.<br>Укинување на прекршочната и постоење само на кривична одговорност за корупција, со заострување на казните и задолжително изрекување забрана за вршење професија, дејност или должност на корумпираните политичари.<br>Предлагање на претседателот на Антикорупциската комисија и на мнозинството нејзини членови од страна на опозицијата и целосна нејзина поддршка во справувањето со корупцијата на државните функционери<br>Јавна и проширена објава на т.н. историски податоци (како отворени податоци за слободен пристап до информации од јавен каратер) за промени на состојбата во анкетните листови на избраните или именуваните лица.<br>Обезбедување доволно ресурси за да се овозможи длабинско набљудување на судирот на интереси за сите избрани и именувани лица и членовите на нивните семејства или нивните деловни партнери. |

| | |
|---|---|
| | Задолжително и навремено јавно објавување информации за трошење на буџетот на сите министерства и буџетски корисници.<br>Воведување на специјални црвени регистарски таблички за службените возила на државните органи, општините и јавните претпријатија, по кои тие ќе се разликуваат од обичните (со цел лесно следење на злоупотребите од страна на јавните функционери особено со нивно ненаменско користење за приватни потреби, вон работно време).<br>Транспарентност и зголемена инспекциска контрола на тендерите, односно Бирото за јавни набавки да ги објави сите податоци за трошење на народните пари (како отворени и јавно достапни информации), за да им се овозможи на граѓанските здруженија и на истражувачките новинари да го испитуваат евентуалното постоење на разработени клиентелистички мрежи и клики." |
| **Глас за Македонија** | **стр.42:** Окончување на политиките на неказнивост и неодговорност<br>Системско спречување на корупцијата и борба против истата<br>**стр.43:** Спречување и санкционирање на финансиските злоупотреби |
| **ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Обнова** | **стр.17:** заради намалување на корупција, критериумот цена нема да може да биде понизок од 60%, освен во исклучителни ситуации кои ќе ги одобрува бирото за јавни набавки.<br>**стр.26:** ќе ја зголемиме транспарентноста во постапките и ќе ги намалиме процедурите за добивање на разни лиценци/дозволи кои се издаваат од државни институции и ќе работиме на зајакнување на капацитетите на инспекциските служби со цел сузбивање на корупцијата и сивата економија.<br>**стр.36**: Зголемување на транспарентноста во работењето на државните институции и намалување на корупцијата;<br>Намалување на корупцијата преку директен контакт меѓу државните институции и граѓаните, со строго утврдени постапки и правила кои важат за сите;"<br>**Стр 64**: ефикасна и бескомпромисна борба против корупцијата и отстранување на системските аномалии што ја толерираат корупцијата,<br>**стр.71:** унапредување на институционалните механизми за заедничко делување на јавното обвинителство и државната комисија за спречување на корупцијата<br>**Стр.77:** закон за потекло на имотот<br>**стр.87:** нулта толеранција на корупција<br>**стр.88:** Зајакнување на капацитетите на Државниот завод за ревизија<br>Зајакнување на капацитетите на Комисија за спречување на корупција<br>**стр.250:**Нулта корупција во здравството |
| **ДПА** | **Стр.20:** Целосно функционирање на јавните институции и борбата против корупцијата |
| **Алијанса и Алтернатива** | **стр.18:** Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива ќе го посвети целиот свој политички капитал на искоренување на корупцијата од јавниот живот, поддржувајќи, на највисоко политичко ниво, проактивни, силни и независни институции кои ќе се борат против корупцијата со воведување санкции спречување и спроведување на ефективни истраги и гонења, што доведува до конечни и извршени судски решенија.<br>Нашите врвни приоритети ќе ги вклучат следниве мерки:<br>-Унапредување на законската рамка за декларации на интереси и средства на лица кои имаат јавни функции за да се обезбеди за антикорупциските институции ќе можат да обезбедат интегритет во вршењето на јавната функција и во спречувањето на институционалната корупција<br>-Зајакнување на специјализираните структури на Јавното обвинителство за борба против корупцијата, организираниот криминал, како и зајакнување на судството |

| | |
|---|---|
| | -Зајакнување на овластувањата и ресурсите на Агенцијата за управување со одземени средства, за да се овозможи заплена и конфискација на криминални средства, вклучително и прелиминарно замрзнување на криминални приноси во раните фази на кривични истраги.<br>-Генерализација на електронската набавка (е-набавки) транспарентна и достапна за јавноста<br>-Целосна транспарентност на владината активност и интеракции со лобисти и трети страни.<br>-Усвојување на нови правила за утврдување судир на интереси и проверка на интегритетот на советниците и слични службеници, вработени по дискреционо право на владини службеници<br>-Воспоставување на надворешен полициски надзор од страна на Собранието, Народниот правобранител и Државниот јавен обвинител<br>-Зголемете ја полициската транспарентност, зголемувајќи го пристапот на јавноста до известување<br>-Целосно откривање на сопственоста на компаниите |
| **ДУИ** | **стр.39:** Ветинг- Првата ревизија обезбедува максимален интегритет и транспарентност на секој кандидат и јавен службеник со прибирање, анализирање и објавување на сите информации и податоци за секој сегашен кандидат и носител на јавна функција, така што граѓаните или органот што предлага, избира или назначува носител ќе го процени интегритетот и достоинството на актуелниот или кандидатот со намалување на потенцијалот за корупција, криминал, злоупотреба на службената должност и поткопување на авторитетот и имиџот на институцијата<br>**стр.58:** Ќе се промовираат практики за е-правда и објавување на судска статистика. Ќе вклучиме понапреден електронски систем во сите области на правдата<br>**стр.59:** ќе се вклучи во кампања насочена кон подигнување на свеста кај граѓаните и другите учесници во правосудниот систем, транспарентност меѓу институциите во правосудниот сектор, зголемување на бројот на членови во борбата против корупцијата и општо јавната свест на јавноста.<br>**стр.62:** Борба против корупцијата и организираниот криминал<br>-Нулта корупција; Институционализација на проверка ; -Зајакнување на Државната комисија за спречување на корупцијата; Охрабрување за осудувања на случаи;<br>**стр.75:** Транспарентност на јавните финансии;<br>**стр.76:** Борба против корупцијата и неформалната економија<br>**стр.173:** Институционално ветинг/проверување за секој носител на јавна функција: Политичар, службеник, обвинител, судија.. |

## Ефикасна државна и јавна администрација

Сите партии кои го третираат прашањето на администрацијата се залагаат за намалена, департизирана и ефикасна државна и јавна администрација, но и јавна администрација со повисоки плати којашто ќе биде во функција на граѓаните.

**Табела 4: Предлози /предвидени активности во изборните програми за ефикасна јавна администрација**

| **Партија** | Мерка |
|---|---|
| **СДСМ и Коалицијата Можеме** | **стр.193:** ќе се фокусираме на три правци за промени:<br>1. интензивна дигитализација,<br>2. поефикасна администрација<br>3. повисоки стандарди и работна етика. |

| | |
|---|---|
| | **стр.195:** Го укинавме нереалниот психолошки тест на личност при прием во администрацијата, кој создаваше непотребни трошоци за Буџетот, и беше простор за корупција и манипулација од страна на претходната власт.<br>**стр.197:** Намалување на бројот на вработени во администрацијата за 20% до крајот на 2024. Поефикасна, дигитализирана администрација не може да продолжи со бројки кои биле преголеми и без дигиталната поддршка. Ќе ги искористиме моделите на поволно пензионирање, како и трансфер во приватниот сектор.<br>**стр.197:** Министерот/директорот не е господ. Јасно и значително дефинирање на надлежности на сите нивоа во администрацијата. Ќе биде јасно дефинирано што спаѓа во надлежности на министер, државен секретар, раководители на сектор и одделение. Така ќе се гради култура на придонес и одговорност кај секој вработен.<br>Нов концепт во средниот менаџмент: нема повеќе раководители до пензија! Целта е да воспоставиме нов систем за раководителите од среден ранг, заснован на темелни анализи и најдобрите европски практики, кој ќе обезбеди поголема мобилност и посилна мотивација за постигнување на подобри резултати.<br>Повисоки плати - награда за резултат. Сите вработени во институцијата ќе можат да добијат додатоци од 5% на плата доколку ги постигнат целите кои на почеток на година Владата ќе ги утврди како нивна задача. На овој начин ќе се стимулира администрацијата да го даде својот максимум, а од друга страна и јавноста и бизнисот нема да имаат впечаток дека даваат повеќе пари за одржување на скап и бавен апарат. Овој принцип ќе започне со примена на исплати од 2022 (за целите дефинирани за 2021)."<br>**стр.198:** Премиерот ќе формира мали групи (академска заедница, бизнис-сектор, администрација) т.н System Innovation units за нудење нови, иновативни решенија за системски проблеми во државата кои се провлекуваат со години.<br>.. за две години, целокупната комуникација помеѓу институциите и во рамки на секоја институција ќе се води електронски.<br>**стр.199:** Електронски систем за автоматизација на административни постапки БПМС.<br>- до крајот на 2021 година да воведеме БПМС систем, во најмалку 30% од органите на државната управа,<br>- до крајот на 2024 година системот ќе биде воведен во сите органи на државната управа."<br>**стр.265:** Ќе воспоставиме брза, модерна и ефикасна администрација која ќе биде подготвена да одговори на барањата на граѓаните и европските институции.<br>Воведување на принципите на вреднување на службениците според учинок и воведување на механизми за дополнителна финансиска мотивација се неодминливи аспекти за јакнење на институциите, како и за задржување (и привлекување) на најдобрите кадри во нив. |
| **Левица** | **стр.11:** Реконструкција и радикална и длабинска структурна реформа на јавниот сектор, со цел зголемување на ефикаснота при давањето јавни услуги:<br>- анализа на недостатокот и вишокот кадри за постоечките позиции во јавниот сектор;<br>- изготвување список на области од јавниот сектор кои се запоставени во моментов и кои би требале да се прошират/зајакнат или реформираат (градинки, здравство, високо образование, центри за социјална работа,работни клубови, јавен превоз, трудова инспекција,одржување на чистота и хигиена, одржување на зелени површини, рециклирање на отпад, градежништво и урбанизам, стопанисување со јавен и деловен простор и сл.); |

| | |
|---|---|
| | - изготвување план за кадровските потреби за запоставените области;<br>- реалокација на вишокот кадри од постоечките позиции во новите приоритетни области.<br>Институционално стеснување и темелно реорганизирање на структурата на централната државна управа, преку укинување на одвишните министерства во Владата на РМ и сведување на нивниот број на максимум 10 ресорни министерства.<br>Рационализација и уедначување на називите на разните управи, агенции, дирекции, инспекторати, комисии, заводи, бироа, центри, служби, установи и др. како органи во состав на министерствата, соодветно интегрирање на овие институции преку нивно спојување, со цел детално прецизирање на нивните надлежности кои нема да се судираат или преклопуваат.<br>Укинување на нефункционалните и одвишни т.н. независни „регулаторни тела“, т.е. воедначување на државната организација на органите на управата – на централно ниво."<br>**стр.11:** Укинување на „министрите без ресор“.<br>Укинување на функцијата „заменик министер“ и негово заменување со некој од редот на раководните структури во самото министерство.<br>Укинување на националните координатори во Владата<br>Укинување на замениците директори во јавните претпријатија и установи.<br>Ограничување на бројот на советници во претседателскиот, премиерскиот и министерските кабинети.<br>Намалување на бројот на членови и на привилегиите на управните и надзорните одбори во јавните претпријатија, со воведување на стручноста и компетентноста како критериуми за нивно кадровско екипирање." |
| **Глас за Македонија** | "**стр.13:** Јавната администрација мора да се намалува секоја година за 10%, до најмногу 30%. Во најголем дел, процесот ќе се одвива синхронизирано со тековните пензионирања, со прераспределба на постојниот кадар на соодветни работни позиции. На вишокот административни работници ќе им се понуди можност за работа по моделот јавно-приватно партнерство"<br>"**стр.53:** Институционална реорганизација и кадровско модернизирање на институциите преку процесите на реформа на администрацијата кои треба да доведат до воспоставување на силни независни државни институции кои ќе работат во служба на граѓаните и ќе бидат ослободени од феноменот на „заробеност“<br>"**стр.59:** Гарантирање на секој граѓанин на правото на пристап до секое работно место и до секоја јавна функција, како и прекин на воспоставените пракси на партиски вработувања и унапредувања во рамките на државната и јавнатаадминистрација, како и при именувањето на одредени високи позиции, што ќе биде можно преку градење на соодветна законска рамка и институционални подзаконски акти и процедури на тестирање и евалуација на кандидатите кои ќе гарантираат вработувања, избори и именувања врз основа на систем на кариера и заслуга („мерит систем“)"<br>"**стр.68:** Зголемување на професионалноста и ефикасноста на државната администрација преку внесување елементи на квалитет, професионализам и одговорност при вршењето на добиените задачи. |
| **Интегра** | "**стр.61:** Ќе го укине моделот на т.н. “вечни политичари и административци“, на начин што ќе се воведе модел на ограничени мандати, и тоа:<br>- за пратеници во Собрание, извршни позиции во безбедносниот систем и правосудството, најмогу до два мандати во времетраење од по 4 години и |

| | |
|---|---|
| | - за претседателот на владата, за министрите и другите избрани функционери, најмногу до три мандати во времетраење од по 4 години."<br>"**стр.11**: рационализација на државната управа, воведување на моделот на “мини држава“, растеретување на државната администрација преку воведување иновативен модел на “прелевање“ на државните и на јавните службеници во приватно-јавно партнерство и воведување на државата во т.н. “stealth mode zone” (начин на невидливо делување), притоа симнувајќи го ореолот на “ѕвезди“ на политичарите;"<br>**"стр.20:** континуирано и планско префрлање на работниот потенцијал од државната администрација, каде што е сега, во компаниите кои ќе се отворат во слободните економски зони,"<br>"**стр.59:** Реформата на јавната администрација во Република Македонија. Крајно време е Македонија да се соочи со неопходноста од вистинска реформа на јавната администрација, намалување на бројот на администрација, која ќе биде финансирана од буџетот на државата. Намалувањето на централните државни органи ќе значи - намалување на администрацијата. Ќе го реформира системот според шведскиот или британскиот модел, на принцип - независни приватни агенции да ги преземаат функциите на државата."<br>"**стр.61:** За време на мандатот, ќе се држи до моделот на селективен мораториум за нови вработувања во администрацијата и јавниот сектор, освен во случаи на потребата за вработување на поедина стручна експертиза според мерит моделот."<br>"**стр.62:** Посебно, реформата на администрацијата ќе се однесува на контролните - надзорните органи во Македонија, кои се во голема бројност, а не покажуваат никаков ефект. Ќе се трансформира контролната функција во државата како независна функција, според нов модел, каде што лицата кои вршат контрола, да не ги контролира и оценува оној кој што тие треба да го контролираат.<br>**"стр.86:** Ќе ги зголемиме платите во клучните сектори на јавната администрација (здравство, образование, безбедност, правда)." |
| **ВМРП ДПМНЕ и Коалицијата Обнова** | **стр.18:** проект-менаџери на капитални проекти во администрацијата<br>"**стр.36:** Зголемување на ефикасноста на јавната администрација, стандардизација на процедурите и подобрување на услугите за сите засегнати страни.<br>Отчетност при работењето на јавната администрација со јасно дефинирани параметри за успех"<br>**стр.42:** стандардизација и централизација на базите на податоци на јавната администрација – ефективно планирање преку агрегација на податоци<br>**стр.49:** одговорна, отчетна и транспарентна јавна администрација<br>**стр.51:** професионална јавна служба и ефикасно управување со човечки ресурси<br>"**стр.52:** Академија за администрација<br>Бела книга за вработените во државна и јавна администрација"<br>**стр.53:** портал за слободна циркулација на административни службеници<br>**стр.54:** креирање успешни политики и координација во системот на јавната администрација<br>**стр.55:** испорака на услуги и икт поддршка на администрацијата<br>**стр.81:** модерна и професионална државна и јавна администрација |
| **Алијанса и Алтернатива** | "**стр.19-20:** За време на владеење, коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива ќе преземе голем број на критични мерки за да обезбеди ефикасна, деполитизирана и меритократска јавна администрација, одговорна пред граѓаните и не пред владејачките партии. |

| | |
|---|---|
| | -Создавање дополнителни заштитни мерки што треба да се воведат во процесот на регрутирање во јавните институции за да бидат потранспарентни и заслужни<br>-Мапирање на јавната администрација и човечки капацитет за секоја државна институција<br>-Огласите ќе бидат отворени за сите јавни вработувања<br>-Калкулатор за плати на вработените во јавниот сектор<br>-Зголемување на транспарентноста за причините за отпуштање од работа<br>-Функционализација на Академијата за државна администрација<br>-Електронски систем за професионален развој на државните службеници („Административно портфолио“).<br>-Зголемување на финансиската одржливост на реформите во јавната администрација"<br>**стр.63:** Дигитализација на јавната администрација и услуги што ги даваат државните институции |
| **ДУИ** | **стр.46** Ефикасна и професионална администрација - Соодветна професионална обука, унапредување во кариерата заснована врз основа на заслуги и перформанси, регистар на државни службеници и мрежно поврзување на ниво на сите државни и јавни институции, вклучително и јавна одговорност и одговорност за водечките позиции на администрацијата во донесувањето на одлуки за политиките од јавен интерес:-Фер и соодветна застапеност во административните и раководните структури"<br>**стр.66:** Дигитални услуги, Дигитална инфраструктура и безбедност<br>**стр.172**<br>Покриеност на патните трошоци за администраторите кои патуваат најмногу повеќе од 10 км од работното место<br>Задолжително вертикално напредување на секој административен службеник кој ги надминува годините предвидени за таа категорија<br>Законска забрана за можноста да аплицирате за работа во администрацијата без потврда за етничка припадност обезбедена од надлежните органи<br>Отворање на над 6.500 нови работни места за преведувачи и предавачи со цел целосно спроведување на законот за јазици во сите институции<br>Градење на капацитети на инфраструктурата за спроведување на двојазичност преку институции"<br>**стр.159:** Поттикнување на исплата на повисоки плати. Преку разни активности, како што се: зголемување на минималната плата во земјата, зголемување на платите во јавната администрација, особено во клучните сектори, како што се здравството, образованието и социјалните услуги, недостаток на ИТ профили, технологија |

## Заклучоци

1. **Доброто управување меѓу врвните приоритети во програмите на политичките партии.** Сите достапни програми на политичките партии содржат заложби и мерки за зголемена правна сигурност на граѓаните изразена преку вредностите, принципите и областите кои се дел од доброто управување, како што се независно судство, борба против корупцијата и ефикасната администрација. Во програмите каде што се спомнуваат темите поврзани со доброто управување, имаат посветено барем едно поглавје на некоја од темите: правосудство, корупција или јавна администрација. Најголем дел од програмите содржат и конкретни мерки и предлози за подобрување на доброто управување во Македонија.

**2. Ветингот „заедничка заложба" за политичките партии**. Политичките партии се залагаат пред сè за партиски независно и реформирано правосудство коешто постојано ќе се надградува со знаење и професионалност, и за најголем дел од нив токму ветингот е првиот чекор за исполнување на таа цел. За дел од партиите и ефикасен и функционален електронски систем и електронска комуникација, како и реформирана Академија за судии и јавни обвинители се мерки кои е неопходно да се спроведат во наредниот период.

**3. Нулта толеранција за корупцијата** – политичките партии во своите програми се залагаат за целосно функционирање на јавните институции во борбата против корупцијата. Понатака предвидуваат електронско следење на предметите, транспарентност во постапките, регулирање на потекло на имот и зајакнување на специјализираните институции за борба против корупција.

**4. Политичките партии се залагаат за ефикасна јавна администрација во функција на граѓаните.** Намалена, департизирана и ефикасна државна и јавна администрација којашто ќе биде во функција на граѓаните е приоритет за политички партии кои во своите програми го третираат ова прашање.

**Прилог 1. Веб страници на кои се објавени програмите на политичките партии**

| Политичка партија/коалиција | Веб страна |
|---|---|
| ДПА | https://gurra-pdsh.org/2020/06/29/platforma-e-pdsh-se-2020-2024/ |
| СДСМ и коалиција Можеме | https://sdsm.org.mk/programa/mozeme<br>https://360stepeni.mk/video-programata-na-sdsm-i-koalitsijata-mozheme-i-na-znakoven-jazik/ |
| Левица | https://levica.mk/kratka-agitaciska-programa/ |
| Алијанса на Албанците и Алтернатива | / |
| Глас за Македонија | https://78ba36dd-fb31-462f-b8aa-e5de1bf7d306.filesusr.com/ugd/aec74e_3d51f5f134894a7cb0f5ebc2d34188f1.pdf |
| Интегра | https://integra.org.mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d1%82%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0-2020/ |
| ДУИ | http://www.bdi.mk/programi2020/BDI-PROGRAMA-2020.pdf |
| Единствена Македонија | / |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Обнова на Македонија | http://www.vmro-dpmne.org.mk/index.php/programa |